Координативното тело за спроведување на јавна пропаганда за референдумот, во согласност со членот 12 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните, Правилникот на Државната изборна комисија за подготовка, организирање и спроведување на референдум на државно ниво на 30 септември 2018 година и Роковникот на Државната изборна комисија за извршување на дејствијата за спроведување на Референдум на државно ниво, на Шестиот работен состанок, одржан на 14 септември 2018 година, согласно усвоените Заклучоци донесе

# ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА П Р А В И Л АТА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО ВО ВРСКА СО ВОДЕЊЕ ЈАВНА ПРОПАГАНДА ЗА РЕФЕРЕНДУМОТ ШТО ЌЕ СЕ ОДРЖИ НА 30 СЕПТЕМВРИ 2018 ГОДИНА

Во Правила за постапување на координативното тело во врска со водење јавна пропаганда за Референдумот што ќе се одржи на 30 септември 2018 година, со број 09-4989/3 од 5 септември 2018г. и 09-4989/4 од 7 септември 2018г по точката 1 се додава нова точка 1-а која гласи:

„1-а. Јавна пропаганда ќе се води и во печатените медиуми.

Претседателот на Собранието на Република Македонија ќе склучи договори со сите дневни весници кои во предвидениот рок, 10 август 2018г доставиле Ценовници до Државната изборна комисија.

Координативното тело ќе утврди општ медиа план за водење на јавна пропаганда во пишаните медиуми.

Со дневен медиа план, одобрен од координативното тело ќе се утврди во кој медиум и кој формат ќе се врши рекламирањето."

Другите општи одредби од Правилата кои се однесуваат на следење на реализацијата на медиа планот и финасирањето т.е исплата на обврските важат и за јавната пропаганда која се води во пишаните медиуми.

Бр. 09-4989/10

КООРДИНАТИВНО ТЕЛО

14 септември 2018 година

Скопје